# ABORTION- A RIGHT TO DECIDE OR „ A RIGHT„ TO MURDER

**Panche Kjosev**
**Faculty of Theology in the University „Ovidius„ in Constanta Romania,**
**pancekjosev@gmail.com**

**Abstract:** The term abortion have not always meant a right that allows a pregnancy to be terminated. It was considered as a crime of murder until recently. As a right of choice, abortion is now part of many legislations and is provided as an option which allowswomen to decide what to do with the child in them, or in other words, to decide what to do with ther own body, which is considered as their personal privilege, but here what is not taken into account is the right to life of the unborn child. Today the right to life is protected by many international conventions and declarations. This right is also protected by the Constitution of the Republic of Macedonia. Not a long time ago, the Criminal Code of the SFRY (which has now been replaced by the Criminal Code of the Republic of Macedonia) considered abortion (except when it was allowed in certain cases listed in the Law) as a criminal offense, but these days it has changed. And although today the right to abortion and the right to life are both rights in the Law they are in conflict when the topic of unborn children is under consideration. The Orthodox Church and its Law on the other hand does not make a difference between an unborn and a born child. That's the same for it. Abortion according to the Church is considered as a crime of murder with intent and beloved sin or murder without intent and unwanted sin. According to the Holy Fathers and the holy canons or church rules, the reason why some women want to terminate the pregnancy is to conceal it because it is seen as a condition from which the unfortunate woman should be released as soon as possible, which fact has its own foundation in the Macedonian customary law also. According to the holy canons, the punishment for this act of intended termination of pregnancy is a ban from receiving communion for a period of ten, five or one year, depending on the sincere confession and repentance of the woman who committed this sin, as well as the one involved in doing it. But sometimes the Church makes exceptions when it is allowed. Having in mind the position of the secular lawand the position of the church law on the right to abortion and whether its allowance should be continued, the conclusion is that children are our gift from God with their own right to liveand we, instead of rejoicing over that gift, are destroying it by not respecting their right to life. This has been established by the Holy Fathers of the Orthodox Church a long time ago and the theoreticians of the secular law shared the same meaning until recently, but today with the act of acknowledgement of the right to abortion we`re only continuing our self-destruction which has been chasing us since the very beginning of humanity.
**Keywords:** abortion, life, right

# АБОРТУС-ПРАВО НА ОДЛУКА ИЛИ „ПРАВО„ НА УБИСТВО

**Панче Ќосев**
Теолошки факултет на Универзитетот „Овидиус„ Констанца Романија pancekjosev@gmail.com

**Резиме**: Под поимот абортус не отсекогаш се подразбирало право кое дозволува една бременост да биде прекината. Тоа било сметано и подведувано под кривичното дело убиство, а познати биле како што се и денес и начините на кои се вршел низ разните временски периоди. Како право на избор, абортусот денес се среќава во многу законодавства и во истите е предвидено како опција која и е дозволена на жената да одлучи што ќе направи со плодот кој е во неа односно да одлучи што ќе прави со нејзиното тело, кое како такво се смета за нејзина лична привилегија, но што е со правото на живот на плодот т.е.на детето. Правото на живот денес е заштитено со многу меѓународни конвенции и декларации. Ова право го заштитува и Уставот на РМ. Не така одамна и Кривичниот Законик на СФРЈ(кој денес е заменет со Кривичниот Законик на Република Македонија) го сметал абортусот ( освен кога бил дозволен во одредени случаи со Закон) како кривично дело, но не и денес. И иако денес како права во Законодавството постојат и двете и правото на абортус и правото на живот, кога се во прашања нероденитe деца постои судир на едното право наспроти другото. Видувањето пак на Православната црква и нејзиното право од друга страна не прави разлика меѓу неродено и родено дете. Тоа за неа е едно та исто. Абортусот таа го подведува под кривично дело убиство со умисла или сакан грев и убиство без умисла или несакан грев. Причината поради која истото се врши според Светите Отци и канониte или црковните правила е прикривањето на несаканата бременост за која не треба да се дознае и од која несреќната жена треба да се ослободи час поскоро, а кој факт поткрепа има и во македонското обичано право. Казната предвидена за ова дело според светите канони е забрана за причест за период од десет години односно пет или една, која пак одлука зависи од искрената исповед и покајание на жената која го

извршила овој грев, како и на оној кој и помогнал во вршењето на истиот.Но сепак и Црквата прави исклучоци кога и во кои случаи може истиот да се дозволи.Заклучокот имајќи го во предвид световниот поглед и црковниот поглед на вршењето абортус и дали да се врши абортус е дека децата се нашиот дар од Бога со сопствено право на живот и ние наместо да се радуваме на тој дар, ние го уништуваме, не почитувајќи му го неговото право на живот, кој факт е утврден и од Светите Отци на Православната Црква, а кој став го делеа и теоритичарите од цивилното право до не така одамна, но денес со признавање на правото на абортус, легално се уништуваме себе си и ја продолжуваме каинавелијата која не гони уште од самиот почетокт на човештвото.

**Клучни зборови:** абортус, живот , право

*Раѓањето деца станало најголемата*
*утеха за луѓетотогаш кога станале смртни. Поради тоа, човекољубивиот Бог во истиот час, за да ја ублажи прародителската казна и*
*да им го намали стравот од смртта, им го дарувал раѓањето деца,*
*покажувајќи им го со тоа... праобразот на Воскресението. И кога целиот живот би го поминале во среќа, повторно ќе бидеме строго казнети ако не се погрижиме за спасението на децата.*
*Децата не се случајна добивка и ние сме одговорни за нивното спасение.*
– Свети Јован Златоуст

## 1. ВОВЕД

Абортус или живот е прашање кое денес секојдневно се поставува кога треба да се одлучи дали треба да се продолжи со бременоста на една жена или не.Секуларното право во РМ си има свој став во поглед на тоа дали и како е дозволен тој избор. Свој став односно правно е регулирано тоа и во правото на Православната црква, а дали тие две права се на ист став или се разликуваат ќе дознаеме во следните редови.

## 2. ПОГЛЕДОТ НА СЕКУЛАРНОТО ПРАВО НА АБОРТУСОТ

Правото на живот и почитувањето на правото на живот денес е изразено во повеќе декларации и конвенции, меѓу кои, како најважни, се издвојуваат Универзалната декларација за човековите права,[10] Меѓународниот пакт за граѓански и политички права,[11] Европската конвенција за човекови права,[12][13] а овде секако мора да биде спомната и Конвенцијата за правата на детето,[14] каде во член 6 конкретно е наведено дека секое дете има неотуѓиво право на живот. (Именуваните меѓународни акти се составен дел од правниот поредок на Р. Македонија.)

Правото на живот во Република Македонија, пак, е заштитено со највисокиот правен акт со Уставот на Република Македонија, и тоа со член 10, во кој како став 2 стои дека смртна казна не може да се изрече по ниту еден основ.

Не така одамна во Коментарот на Кривичниот Законик на Федеративна Народна Република Југославија, кој стапил во сила на 1 јули 1951 година, во главата што ги обработува кривичните дела против животот и телото, е наведено дека животот на човекот е предмет на кривично правна заштита од самиот зачеток. Така, освен убиството, кое е кривично дело и може да се изврши после раѓањето на човечкото суштество, постои и кривично дело абортус, кое може да се изврши од зачетокот, па сè додека човечкиот живот се наоѓа во создавање, односно оспособување за вонматеричен живот.[15]

---

[10]Член 3 од Универзалната декларација за човекови права, која е донесена и прокламирана од страна на Генералното собрание на ОН, со резолуција 217 А(III), на 10 декември 1948 г.

[11] Член 6 од МПГПП, кој е усвоен и отворен за потпишување и ратификување, или пристапување со резолуција на Генералното собрание на ОН, 2200 А(XXI) од 16 декември 1966 г., а стапи во сила на 23 март 1976 г.

[12] Член 2 од Европската конвенција за човекови права и фундаментални слободи, која е донесена на 4 ноември 1950 г., а стапи во сила на 3 септември 1953 г.

[13]„Институциите во Стразбур немаат решено дали нероденото дете е заштитено со член 2 од Конвенцијата." Види: Поднесување предмет пред Европскиот суд за човекови права, Филип Лич (превод од англиски јазик Александар Ускоков, Фидан Даскалов; превод од француски јазик Даница Тортеска), Табернакул,Скопје, 2010, стр.201.

[14] Член 6 од Конвенцијата за правата на детето, усвоена од страна на Генералното собрание на ОН, со резолуција 44/25, од 20 ноември 1989 г. Стапила во сила на 2 септември 1990 г.

[15] Dr. Janko Đ. Tahović, Komentar Krivičnog Zakonika, „SavremenaAdministracija", Izdavačko-štamparsko preduzeće, Beograd, 1956, стр. 333.

Во претходно наведениот Законик, во членот 140, е предвидена и заштита, односно казна за извршување на кривичното дело „Абортус“, за во новиот Кривичен законик, кој во моментов е во важност во Република Македонија, истото да биде заменето со кривично дело „Противправно прекинување на бременост“. Овде прекинувањето на бременоста, односно вршењето абортус, кое не е согласно Законот за прекинување на бременост, се смета за кривично дело, а доколку е во согласност со Законот е дозволено дејство што го врши стручно медицинско лице со согласност на жената, односно во случај кога таа е малолетна, потребна е согласност од нејзините родители.[16]

Во Законот за прекинување на бременоста е наведено дека заради заштита на здравјето на бремената жена, прекинувањето на бременоста може да се изврши до истекување на десет недели од денот на зачнувањето, односно по една година од претходното прекинување на бременост, со писмена согласност од бремената жена. Доколку е малолетна или лишена од деловна способност, потребна е писмена согласност од родителот, односно старателот. Понатаму, уште стои дека, како исклучок, прекинување може да се изврши и по истекот на десетата недела од денот на зачнувањето, односно пред истекот на една година од претходното прекинување на бременост, по барање и со писмена согласност на бремената жена во следниве пет случаи, кога:
– бременоста ќе предизвика опасност по животот на жената;
– врз основа на научни сознанија може да се очекува детето да се роди со тешки телесни или душевни недостатоци;
– до зачнување е дојдено преку извршување на кривичното дело силување, обљуба врз немоќно лице, полов напад врз дете, обљуба со злоупотреба на положбата или родоскврнавење – доколку во текот на бременоста се утврди дека жената се наоѓа во тешки, лични, семејни, материјални или други прилики што ќе имаат одраз врз нејзиното здравје.[17]

Ако го земеме фактот дека денес е 2016 година, а Законикот во кој абортусот е наведен како кривично дело (дозволен само поради отстранување на опасноста за живот и здравје на бремената жена, кога има шанси детето да се роди со тешки телесни или душевни недостатоци, кога до бременоста е дојдено како резултат на кривично дело и во случај кога раѓањето на детето може да доведе до нарушување на здравјето на бремената жена поради тешки материјални, лични и семејни причини[18]) важел до 1951 година, можеме да заклучиме дека само за половина век се изменил односот кон абортусот и денес на него се гледа само како на една обична медицинска интервенција.[19]

Интересен е фактот дека во Уставот на РМ, во член 41, на човекот му е дадено право слободно да одлучува за создавање деца, при што се покрива основот за дозволен абортус, а од друга страна, пак, се прекршува членот 2 од истиот Устав со кој се гарантира правото на живот, како и сите други меѓународни конвенции со кои се штити животот. Ако ова е некој вид компромис за кој се одлучила државата, тој сигурно не им оди во прилог на неродените деца.

## 3. СТАВОТ НА ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА

*Значи, останува да мислиме дека*
*моментот на зачетокот на постоењето е ист и за телото и за душата.*
– Свети Григориј Ниски

Во Светото Писмо јасно е изразена свесноста на личноста на нероденото. Истиот грчки збор *brephos*[20]е употребен за детето и во утробата и надвор од утробата, за разлика од современата медицина и научните дистинкции на „зигот“, „ембрион“, „фетус“ итн., кои се користат за да се направи разлика меѓу фазите на предноталниот живот. Латинскиот збор *fetus* едноставно значи „малото“ и неговата употреба воопшто не требало да означува негирање на човечноста на детето кое живее во утробата на својата мајка. Сличен пример во јазикот се наоѓа и во Стариот Завет, во книгата Јов, кој се однесува на „младенците што не виделе светлина“.[21]

Во Стариот Завет, според тогашните закони, се правела разлика во казната за убивање на плодот во утробата на жената, во зависност од тоа дали тој бил оформен или не: „Кога луѓето се бијат, па некој од нив удри бремена жена, така што таа пометне, но не дојде до смрт, да плати глоба, колку ќе определи

[16] Член 129 од Кривичниот Законик на РМ.
[17] Член 3 и член 4 од Законот за прекинување на бременоста.
[18] Уредба за постапката за вршење на дозволен абортус од 16 јануари 1952 г. (Службен весник ФНРЈ бр.4/52).
[19] Член 2 од Законот за прекинување на бременоста.
[20] *грч.*βρέφος.
[21] Види: Јов 3, 16.

мажот на жената; а да ѝ плати колку ѝ припаѓа; ако, пак, плодот бил оформен, тогаш нека се даде живот за живот; око за око, заб за заб, рака за рака, нога за нога...“[22] Значи, за неоформен плод се плаќала глоба, т.е. парична казна, а за оформен плод се барало живот за живот. И во двата случаи плодот се сметал за живо човечко битие и строго се казнувал таквиот чин.

Во Новиот Завет, пак, Самиот Господ Исус Христос ги благослови и ги положи Своите раце над децата, велејќи: „Оставете ги децата и не пречете им да доаѓаат при Мене, зашто на такви е Царството Небесно”.[23]

Абортусот, како проблематика, е обработен во повеќе канони или правила на Светата Православна Црква, и тој се среќава во Апостолските правила, каноните на Петто-шестиот Вселенски собор, на помесниот Анкириски собор, како и во канонитe на свети Василиј Велики, свети Григориј Ниски и свети Јован Посник.[24] За тоа кога започнува животот на еден нов човек, односно колку е важно дали плодот добил човечки облик или не, објаснување дава свети Василиј Велики во вториот канон, во кој стои дека не е важно дали плодот добил облик или не. Според него, таква разлика не постои, односно плодот во утробата е нов живот и за неговото уништување следува казна за убиство. Во прилог на ова тврдење оди и денешната медицинска наука позната под името Ембриологија на човекот, според која новата индивидуа се создава со формирањето на зачетокот, односно со самото оплодување на една јајце клетка.[25]

Значи, и според Светите отци и според науката се работи за нов живот, од каде произлегува само еден одговор за тоа што претставува абортусот – тоа е ништо друго туку убиство што може да биде извршено со умисла, односно како сакан грев, а во ретки случаи, и без умисла или како несакан грев. Притоа, како можни извршители на ова дело се јавуваат бремената жена и тој што ѝ помогнал да пометне, односно да абортира. Начинот на извршување може да биде со поставување тежина врз стомакот, намерно паѓање, стегање и слично, или со некои тревки за пометнување, плодоубиствени отрови или лекарства за пометнување, кои можат да придонесат за пометнување на плодот.[26]

Причината за извршување на ова убиство, според познатите толкувачи на канонитe: Зонар, Аристин, Валсамон, Никодим Милаш, а и во Славјанската Кормчија, е прикривањето на несаканата бременост на т.н. блудница или несреќна жена, која тајно живеела со некој во блуд и останала бремена, за да не се дознае и да не се посрамоти пред другите.[27] Ова нивно толкување наоѓа своја поткрепа и во Македонското обичајно право, во делот „Брачното и семејното обичајно право на македонскиот народ“, кое го обработува проф. д-р Миле Хаџи-Василев Вардарски. Таму се вели дека срамот за вонбрачното раѓање се пренесувал на целото семејство, па затоа се прибегнувало кон што побрзо ослободување од несаканата рожба. Родителите, како и самата забременета девојка, ја „криеле“ бременоста и настојувале што побргу да биде прекината. Притоа, се вршело чедоморство за кое не биле бирани средства и начини. И самиот Шапкарев додава дека „вонбрачните деца биле голема реткост, а уште поретко останувале живи“.[28]

Во Црковното казнено право на Милаш, абортусот е сместен во убиства извршени со умисла, а казната (епитимијата) што ја одредиле Светите отци на Анкирискиот собор, потврдена и со канонитe на свети Василиј Велики, е забрана за причестување во период од десет години. Оваа казна се смета за почовекољубива од казната на тој што се занимава со правење лекови за пометнување, бидејќи нему му се забранува Причест до крајот на животот.[29] Свети Јован Посник, пак, за тие што со умисла го убиваат

[22] Исход 21, 22–23.
[23] Види: Матеј 19, 13–15.
[24] 65 Апостолско правило; 91 канон на Трулскиот вселенски собор; 21 канон на помесниот Анкириски собор;
2, 8, 56, 57 канон на свети Василиј Велики; 5 канон на свети Григориј Ниски, како и 33 и 34 канон на свети
Јован Посник.
[25] Лилјана Миленкова, Невена Костовска, „Општа ембриологија на човекот: учебник за студенти по медицина и по стоматологија“, Уникат компани, Валандово, 2009, стр. 13.
[26] Канон 2 и Канон 8 на свети Василиј Велики, Архиепископ на Кесарија Кападокиска.
[27] *Правилата на Св. Православна Църква съ тълкованията имъ.*, Том II., София, 1913, стр. 365–367; 607–609.
[28] „Прилози за обичајното право на македонскиот народ“, уредувачки одбор: Александар Христов, Миле Хаџи Василев, Асен Групче, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2000, стр. 208–209.
[29] Милаш Никодим, епископ далматински, „Црквено казнено право“, Шибеник: Истина, издавачка установа Епархије далматинске, Београд, 2005, стр. 430.

зачетокот во утробата предвидел забрана за Причест од три до пет години, односно ако не сакајќи или без умисла жената го пометнала детето, предвидена е забрана во период од една година.[30]

Меѓутоа, свети Василиј Велики, во неговиот 2 канон, уште додава дека исцелението не се одредува со времето, туку со начинот на покајание. За овој дел од канонот свое објаснување дава Никодим Милаш, во коментар кон канонот, објаснувајќи дека тоа време од десет години може и да се скрати доколку жената покаже дека искрено и од срце се кае за својот грев.[31] Во истиот коментар, Никодим Милаш уште наведува и дека ако жената намерно го уништи зачетокот во својата утроба без да го праша својот сопруг, но тој дознае, тоа може да биде причина за развод, која и до ден-денес постои во Православната Црква.[32]

Но, иако Црквата го смета абортусот за убиство, сепак, таа прави исклучок во случај кога поради бременоста е загрозен животот на жената. Во тој случај, одлуката треба да се донесе во согласност со медицинско лице, духовниот отец, а секако и со таткото на детето.[33] Но, и во таков случај презвитер Јован Маендорф смета дека „ужасната одговорност за одлуката е со полна свесност за фактот дека убивањето останува убивање“.[34]

Во случај на силување или родоскврнавење, или во случај на опасност од болест, треба што побрзо медицински да се интервенира, за да се исчисти спермата и да не дојде до оплодување, и тоа, ако е можно, веднаш, а најдоцна до третиот ден. Доколку дојде до оплодување, плодот треба да се носи докрај, а може да се прифати алтернативата детето да се даде на посвојување.[35]

Кога, пак, се работи за случај кога постои голема можност или дефинитивно се знае дека детето ќе се роди со сериозни деформитети или ментална и физичка попреченост, не може да се направи исклучок и да се дозволи абортус, бидејќи и таквите луѓе се создадени според образот и волјата Божји.[36]

За тоа дали треба да се прави исклучок кога се во прашање тешки материјални, лични и семејни причини, мислам дека е излишно да се зборува.

**ЗАКЛУЧОК (ВЕЧЕН, ЕДИНСТВЕН И НЕПОВТОРЛИВ)**

*Зашто Ти си ја создал мојата внатрешност и ме прифати од мајчината ми утроба. Те прославувам затоа што сум чудесно создаден. Прекрасни се Твоите дела; душата моја тоа добро го сознава. Ниедна моја коска не се сокри од Тебе, што си ја создал тајно, и природата моја во длабините на земјата. Твоите очи го видоа зародишот мој и во Книгата Твоја сѐ е запишано за мене, дури и деновите мои се забележани кога уште не постоеше ниеден.*
(Пс. 138, 13–16)

Оттука произлегува заклучокот, кој за секој Христов верник е нешто најнормално, а тоа е дека Божјото учество во создавањето и животот на секој човек е апсолутно – не само од неговиот зачеток, туку уште пред неговото постоење. Тогаш, ако Бог го создал животот, кои сме ние да го прекратиме? Каде е овде љубовта кон Бога, љубовта кон ближниот? Зашто, кој им е поблизок на мајката и таткото ако не оној кој е во утробата на мајката, создаден од нивната плот? Дали воопшто има потреба тоа да се ограничува со закон, иако, денес, според световното право во Република Македонија, гледаме дека истото се коси со правото на живот? Зарем толку отпаднавме од Бог што дури и животот на нашите деца треба да биде заштитуван со закон? И тоа од кого – од сопствените родители!

Црковното право, следејќи го она што Бог го рекол, а подоцна и Светите отци (земајќи ја предвид и денешната пракса), абортусот неспорно го смета за убиство, или поточно – детеубиство, освен во случајот кога е загрозен животот на мајката, за разлика од световното право кое до пред педесет години го делел тој став , но не и денес и според кое и после десетата недела на бременост се дозволува абортусот, како што е објаснето погоре.

[30] 33 и 34 канон на свети Јован Посник.
[31]*Правила Православне Цркве с тумачењима*. Књ.2, радња Никодима, епископа далматинског, фототипско изд., Шибеник: Истина, издавчка установа Епархије далматинске, Београд, 2004, стр.352.
[32] Исто, стр. 352.
[33] „Светиња живота и чедоморство“, „Светигора“ – издавачка установа Митрополије Црногорско-приморске, Цетиње, 1995, стр. 33–34; член 94 од „Брачна правила Српске Православне Цркве“, издање Светог Архиерејског Синода, Сремски Карловци, Српска манастирска штампарија, 1933 г.; „Основы социяльной концепции Русскй Православнй Церкви“, стр.43; *Abortion, Oikonomia and “the hard cases,”* a study by Valerie H. Protopapas, стр. 9.
[34]Презвитер Јован Маендорф,„Брак: Православна перспектива“, Скопје, 2012, стр.66.
[35]*Abortion, Oikonomia and “the hard cases*,” a study by Valerie H. Protopapas, стр. 9.
[36]Исто,стр. 33.

Децата се љубовта што Бог изобилно и непрестајно ни ја дарува, секогаш одново откривајќи ни ја убавината на новиот живот, кој „е вечен, и е единствен и неповторлив дури и за Самиот Него“.[37] Тој дар од Бога е сè, тој дар е она што го продолжува нашиот живот, животот на целото човештво, кое ако продолжи да се убива себеси, нема да ја надмине каинавелијата што го гони уште од самиот почеток на неговото опстојување надвор од рајот.

## 4. ЛИТЕРАТУРА

[1] Dr. Janko Đ. Tahović, Komentar Krivičnog Zakonika, „SavremenaAdministracija“, Izdavačko-štamparsko preduzeće, Beograd, 1956
[2]Лилјана Миленкова, Невена Костовска, „Општа ембриологија на човекот: учебник за студенти по медицина и по стоматологија“, Уникат компани, Валандово, 2009
[3]*Правила Православне Цркве с тумачењима*. Књ.2, радња Никодима, епископа далматинског, фототипско изд., Шибеник: Истина, издавчка установа Епархије далматинске, Београд, 2004
[4]Презвитер Јован Маендорф,„Брак: Православна перспектива“, Скопје, 2012
[5] „Прилози за обичајното право на македонскиот народ“, уредувачки одбор: Александар Христов, Миле Хаџи Василев, Асен Групче, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2000
[6]*Правилата на Св. Православна Църква съ тълкованията имъ.*, Том II., София, 1913
[7] Митрополит Струмички Наум, „Само едно е потребно“, Библиотека Воведение, Велјуса, 2013

[37]Митрополит Струмички Наум, „Само едно е потребно“, Библиотека Воведение, Велјуса, 2013, стр. 14.